Бр. 19-905/15
18.04 201 8 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Агенција за привремени вработувања
"РЕАЛНОСТ-06"
Бр. 08-535/1
20.04 201 8 год.
ПРИЛЕП

# ДОГОВОР

**за набавка на услуги за привремени вработувања на потребите на Општина Крива Паланка за 2018**

Склучен на ден ---.04.2018 година, помеѓу:

1. **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА со седиште на ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 175** претставувана од Градоначалникот Борјанчо Мицевски (во понатамошниот текст како – Корисник на услугата) од една страна и
2. **Агенција за привремени вработувања „Реалност-06 “ со седиште на бул. „Гоце Делчев “ зграда Хотел Скопје 3 кат Прилеп** , претставувана од овластеното лице Милан Ристески (во понатамошниот текст како – Вршител на услугата) од друга страна

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

На склучувањето на овој Договор претходеше сроведена постапка за јавна набавка по пат на БПП – О бр. 07/ 2018 согласно член 100 , од Законот за јавните набавки по чие спроведување за најповолна е избрана понудата на **Агенција за привремени вработувања „Реалност-06 “ со седиште на бул. „Гоце Делчев “ зграда Хотел Скопје 3 кат Прилеп .**

## ПРЕДМЕТ И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебните односи помеѓу Вршителот на услугата и Корисникот на услугата, а се однесуваат на ангажирање на привремени работници за потребите на Општина Крива Паланка за 2018.

**Член 3**

Вршителот на услугата се обврзува во секое време да ангажира привремени работници за потребите на Корисникот на услугата, а во согласност со Законот за Агенциите за привремени вработувања.

**Член 4**

Корисникот на услугата го задржува правото да го утврдува потребниот број и времето на ангажирање на привремените работници.

**Член 5**

Вршителот на услугата се обврзува дека во секој поглед ќе ги почитува барањата на Корисникот на услугата, наведени во барањето за потреба од работник и за потребите на Корисникот на услугата ќе ангажира лица кои ги исполнуваат бараните квалификации.

**Член 6**

За извршената услуга Корисникот на услугата има обврска да плати провизија на Вршителот на услугата **во висина од 7 % од пресметаната бруто плата по работник.**

**Член 7**

Проценетата вредност на овој Договор **изнесува 1.000.000,00 денари без ДДВ.**

Во проценетата вредност на договорот влегува вкупниот износ на бруто платите и провизиите за извршената услуга што ќе се исплатат за времетраењето на овој Договор.

Вкупната вредност на исплатените бруто плати и провизиите за извршената услуга за времетраењето на договорот неможе да го надмине износот од став 1 на овој член.

## НАЧИН, ВРЕМЕ НА ПЛАЌАЊЕ И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 8

Вршителот на услугата му доставува фактура на Корисникот на услугата во која ќе ги пресмета трошоците за платата, придонеси за осигурување, додатоци и надоместоци согласно законските прописи, и агенциската провизија согласно понудата и тоа во висина од 7 % од бруто средствата за секој вработен за секој месец од времетраењето на договорот за вработување.

### Член 9

Корисникот на услугата се обврзува да му ја плати на Вршителот на услугата фактурата за извршената услуга во рок од 60 ден по доставена фактура .

Во прилог на фактурата се доставува список на ангажирани лица за месецот за кој се доставува фактурата.

### Член 10

Вршителот на услугата исплатата на платата ќе ја изврши еден ден по плаќањето на фактурата од страна на Корисникот на услугата.

### Член 11

Пред започнувањето на работното ангажирање на привремениот работник, Вршителот на услугата и Корисникот на услугата склучуваат посебни договори за отстапување на привремениот работник.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 12

Обврски на Вршителот на услугите се:

- да му ги отстапи на Корисникот на услугата бараните работници за вршење на привремени работи согласно бараните квалификации, содржани во барањето за потреба од работници;
- на барање на Корисникот на услугата да го замени привремениот работник и да го откаже договорот за ангажиран работник;
- во рок од 1 (еден) работен ден по добивањето на барањето за потреба од работник да постапи по истото;
- да достави примерок од договорот за отстапување на работник до надлежната инспекција на трудот и до Агенцијата за вработување на Р.М.;
- да им исплати средства за плати и придонеси од плата на остапените работници во утврдениот рок во член 10;
- Вршителот на услугата де должен по исплатата на бруто платата, а најдоцна до 20-ти во месецот да достави до Корисникот на услугата завршен рекапитулар за исплата на плата за претходниот месец;
- стручно и совесно да ги врши работите предвидени со овој Договор.

### Член 13

Обврски на Корисникот на услугата се:

- да достави до Вршителот на услугата барање за потреба од работник, во писмена форма (факс, е-пошта или лично на рака);
- барањето треба да ги содржи сите податоци од важноста на работното место: број на извршители, број на лица што ќе се повикаат на разговор, оис на работи и работни задачи, квалификации (степен и вид на образование), специфични барања (работно искуство, познавање на странски јазик, познавање на работа со компјутери и сл), посебни барања или ограничувања за извршителот, почеток и крај на работното ангажирање, работно време, висина на плата, должина на време за кое ќе биде ангажиран извршителот и останати барања;

- барањето мора да биде потпишано од одговорното лице и истото да биде заверено со печат;

- да обезбеди средства за плата, придонеси, и други додатоци и надоместоци, за периодот за кој то му е отстапен работникот согласно законот и колективниот договор;

- одговорен е за управување и надзор над работата што ќе ја врши привремениот работник;

- должен е да ги обезбеди просториите, опремата и орудијата во кои или со кои привремениот работник треба да ја извршува работата и да обезбеди инструкции за извршување на работата на привремениот работник;

- во однос на привремениот работник, Корисникот на услугата треба да ги почитува обврските во поглед на заштита при работа, согласно пописите за работни односи и заштита при работа.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 14**

Овој Договор влегува во сила со денот на негово потпишување со времетраење од една година или до искористување на сумата од договорот .

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Овој Договор може да се менува со Анекс-договор склучен во писмена форма согласно тендерската документација и позитивните законски прописи.

**Член 16**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи.

**Член 17**

Во случај на евентуален спор во врска со овој Договор страните на спорот ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено, доколку спогодбено не се реши спорот надлежен за негово решавање ќе биде надлежниот суд во Скопје.

**Член 18**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четири) за Корисникот на услугата и 2 (два) за Вршителот на услугата.

**КОРИСНИК НА УСЛУГАТА**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

**ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА**
**АПВ „Реалност-06“ Прилеп**
**Одговорно лице**
**Милан Ристески**

Агенција за привремени вработувања "РЕАЛНОСТ-06" Прилеп